Живко Фирфов



Мелограмска колекција
Песни 3

BuzAc

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 3

Скопје, 2024 година

Живко Фирфов

Мелограмска колекција
Песни 3

Скопје, 2024 година

Живко ФИРФОВ
МЕЛОГРАМСКА КОЛЕКЦИЈА ПЕСНИ 3

Прво издание, Скопје, 2024.

Издавач
Buzarovski Archive

За издавачот
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ

Уредници
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ
проф. д-р Трена ЈОРДАНОСКА

Илустрации
Дафина ЈОРДАНОСКА

© Buzarovski, 2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

784.4.089.6(497.7)Фирфов,Ж.

ФИРФОВ, Живко
Живко Фирфов [Електронски извор] : мелограмска колекција : песни 3 / Живко Фирфов ; [уредник Димитрије Бужаровски, Трена Јорданоска]. - Скопје : Д. Бужаровски, 2024. - XIII, 108 стр. : илустр. ; 27 см

Начин на пристапување (URL):
http://buzar.mk/. - Текст во PDF формат. - Предговор кон кн. 1, кн. 2, кн. 3: стр. VII-XIII \ Димитрије Бужаровски, Трена Јорданоска. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 05.02.2024

ISBN 978-608-67089-2-4

а) Фирфов, Живко -- Мелограми б) Македонски народни песни -- Мелограми

COBISS.MK-ID 62895109

Предговор кон првата книга

Мелограмската колекција Фирфов во ИРАМ/БузАр ја донесе синот на Живко Фирфов – Милан Фирфов во 2003 година. По дигитализацијата на касетната *Колекција Фирфов* со која започна дејноста на трансферот на аналогните звучни носачи со фолклорни материјали во дигитален формат во ИРАМ/БузАр во 2002 година, Милан Фирфов предложи да ги дигитализираме необјавените мелограми од Живко Фирфов, главно работени во 1970-тите години. Со Милан Фирфов уште во 1990-тите се обидовме во повеќе наврати да ги добиеме мелограмите од Живко Фирфов останати во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ кои Институтот не ги објавил. И тогаш, главната цел беше најнапред да ги препишеме со дигитален нотен процесор и на тој начин да ги подготвиме за објавување. За жал, во Институтот не наидовме на разбирање и по десетина години Милан Фирфов го донесе она што беше останато во нивниот дом.

Задачата да ги скенира и пренесе во нотен процесор ѝ беше доделена на Ирена Митевска (подоцна Ирена Митевска-Милевска) во тоа време студент на постдипломски студии на ФМУ и соработник во ИРАМ.

Митевска најнапред го скенираше оригиналниот материјал, а потоа мелограмите ги испиша во нотниот процесор Сибелиус. Воедно беше формирана и база со метаподатоците, во која беа евидентирани вкупно 383 единици. Целиот процес, вклучувајќи ги и проблемите во дигитализацијата, беше опишан во магистерскиот труд кој Ирена Митевска го изработи и одбрани во 2005 година.

Митевска вложи огромен труд во скенирањето и испишувањето на мелограмите, бидејќи нивното префрлање не беше техничка работа, туку на секој мелограм требаше да му се пристапи со големо внимание и разбирање и на музичките фрази и текстот и посебно на ракописот на Живко Фирфов. Така, Митевска ја направи првата редакција на овие мелограми при што договорено беше интервенциите да се прават исклучиво кај очигледни случајни грешки, односно мелограмите во Sibelius да се пренесат онака како што ги испишувал Живко Фирфов.

Во пролетта 2023 година одлучивме мелограмската колекција да се издаде во електронско издание, нешто за кое веќе имавме повеќегодишно искуство. На тој начин го задржавме и принципот да не бараме никакви финансиски средства, односно како и сите активности на БузАр и оваа да ја спроведеме на ентузијастичка, односно волонтерска основа. Задачата да ја направи оваа последна редакција и технички да го уреди изданието ја презеде Трена Јорданоска, која повеќе од една деценија ги подготвуваше изданијата на БузАр.

Исто така одлучивме дека изданието ќе го содржи мелограмот во дигиталниот формат (Сибелиус) и скенираните оригинални верзии од Живко Фирфов.

Со оглед на големиот број мелограми (383) одлучивме колекцијата да ја објавиме во повеќе изданија, кои би содржеле до 50 примери.

Најголемиот проблем што ја следеше дигитализацијата на овие мелограми беше што тие првично се работени како подготвителен материјал за натамошни изведби со оркестрите на Македонското радио и телевизија (МРТ). Затоа тие го немаат финалниот формат за печатење, односно објавување во книга. Сигурни сме дека ако Фирфов ги подготвувал за да ги предаде за уредување за печат, би пристапил на поинаков начин и како што се случува во другите изданија со негови мелограми, би ги категоризирал според одредени параметри.

Дилемите на Митевска каде и колку да се интервенира, се пренесоа и на вториот уредник Јорданоска, која дополнително внесе корекции за кои бевме сигурни дека се ненамерни грешки. На тој начин во целост е задржано основното ткиво на оваа мелограмска колекција изградено од нејзиниот автор Живко Фирфов.

Оригиналната верзија на мелограмите делумно содржеше и нумерација која уште при првиот дигитален трансфер не беше доследно следена. Како што кажавме, Фирфов не правел нумерација со групирање според категории, туку броевите на песните ги внесувал онака како што ги работел. И во оваа втора редакција си дозволивме корекции во редоследот на песните.

Постоеше опција кон песните да се додадат анализи за амбитусот и тонската низа (онака како што Фирфов го прави во повеќето од претходните печатени изданија со негови мелограми). Исто така, песните можеше да се организираат и според параметри, како на пример, метарот, или изедначат преку финската метода. Но, фактот што тие веќе се поставени во дигитален формат отвора можност дополнително, без потешкотии, да се прават анализи, посебно кога ќе се има предвид дека веќе живееме во времето на вештачката интелигенција.

Посебна благодарност искажуваме кон Дафина Јорданоска која со своите вињети придонесе ова издание да ја добие топлината и живоста на фолклорната музичка материја и на тој начин да се избегне сувопарноста и монотоноста на мелограмскиот запис.

Паралелно со подготовката на ова издание во БузАр започнавме со уште еден многу важен проект – *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS). *Мелограмската колекција Фирфов* ја даде основата за првите песни кои влегоа во овој корпус, односно ги добија своите нумерички кодови. Со тоа дигитализацијата на оваа колекција уште повеќе доби во значење.

Охрид, 8 август 2023 година — Димитрије Бужаровски

Предговор кон втората книга

Во втората книга од *Мелоґрамската колекција Фирфов* беа применети моделите на претставување и уредување на песните што беа утврдени со првата книга од овој циклус. Веројатно, како што ќе напредува циклусот, ќе забележиме уште некои детали кои благодарејќи на електронското издание ќе можат дополнително да се коригираат и во веќе издадените книги. Исто така, со деталната обработка во подготовката на секоја нова книга ќе се потврдуваат и некои од констатациите од предговорот за првата книга.

Така, на пример, и во оваа книга се потврдува дека мелограмите се работени за снимање и изведување на песните. Затоа Фирфов во некои од нив додава и двоглас и триглас, кои се негова интервенција, односно не се дел од изворната варијанта на песната. Пример за ова е песната бр. 56 „Мариче на стол седеше“, која во аудио снимката од *Колекцијата Фирфов* има само еден глас, а во мелограмот три. Уште покарактеристичен пример е песната бр. 93 „Моме стое на бунарот“ во која се јавува полифонија која наликува на канон. Овој пример е датиран од 1955 година со што делумно е фрлена светлина за причините на ваквите интервенции. Како што знаеме, Фирфов во крајот на 1940-тите интензивно работел на формирање пеачки групи низ цела Македонија, (кои се разликуваат од хоровите), кои изведувале народни песни во изворната форма или во вакви обработки. Ова било во согласност со тогашните пролеткултовски тенденции и масовното негување на фолклорот, еден вид аматеризам, за што не биле потребни професионални диригенти.

Инаку, покрај овој пример, и во првата книга, а и во оваа среќаваме песни кои прв пат се запишани уште во 1930-тите (според назнаките на Фирфов), наспроти доминантниот број на песни мелографирани во 1970-тите. Во радио емисиите со искажувања на Живко Фирфов, кои исто така се дигитализирани во архивот ИРАМ/БузАр, се споменува дека Фирфов оставил 6,500 мелограми во Институтот за фолклор, за што говоревме и во предговорот кон првата книга. Секако, многу би било интересно да се направи споредба меѓу нив и оваа колекција за да се утврдат принципите според кои Фирфов ги мелографирал песните.

Во оваа смисла, веќе со уредувањето на оваа група песни утврдивме дека Живко Фирфов осмините ноти ги испишува со бајрачиња кога на секоја осмина припаѓа еден слог, а кога слогот продолжува и на следната нота, односно ноти, ги поврзува. Ова доследно го применува во сите мелограми.

И во првата и во втората книга забележавме варијанти на една песна. Примери има повеќе. Во песните бр. 60 „Излего да се прошетам“ и бр. 62 „Излегов да се прошетам“ од втората книга се поклопуваат насловите и почетните делови на текстот. Првата песна е од с. Гари, Лазарополе, а втората од Кичевско. Во мелодиските линии се јавуваат сличности, но метро-ритмичката структура е сосема различна. Почетната интонација исто така се разликува. Друг пример е песната бр. 67 „Ој Алт’но моме“, односно бр. 19 „Ај Алт’но моме“ (од првата книга), двете од с. Ѓоноица, Гостиварско. Кај нив почетната интонација (С), метро-ритмичката структура и стиховите се поклопуваат, меѓутоа втората фраза и орнаментиката е тоа што ги разликува. Во првата книга се појавува и песна со три варијанти: бр. 3 „Ја излези Стојне“, бр. 32 „Стојне, Стојне“ и бр. 34 „Ој мори Стојне“.

Како што напишавме во предговорот кон првата книга, нашата нумерација нема да се совпадне со онаа која потекнува од Живко Фирфов. Затоа и овде може да се забележат разлики во броевите кои се јавуваат во скенираните песни, со нашите броеви.

Во скенираните верзии од песните се јавуваа и додатоци, за кои констатиравме дека според ракописот, не потекнуваат од Живко Фирфов. Одлучивме тие да се јавуваат во останатите податоци за мелограмот во загради. Исто така, одлучивме да поставуваме прашалник во заграда, онаму каде што не се читливи забелешките од Фирфов. Таков е примерот со песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ во која се јавува текстот *Од гр̄уп̄а иг̄раорки на Гореш (?)*, во кој не е јасен последниот збор *Гореш*.

Кога се појавуваа големи разлики помеѓу стиховите потпишани под нотниот текст и текстот „во кутија“ (каде што се испишани сите строфи на песната), употребувавме варијанти А и Б, како на пример во бр. 55 „Ти моме, ти лудо“. Доколку разликите беа мали (на пример, бр. 44 „Горе на Пирина“) ги запишувавме во загради. Во овој пример се запишани и два различни наслови во нотниот и поетскиот текст. Примерот се јавува во аудиоколекцијата и одговара на поетскиот текст. Слична ситуација е со бр. 52 „Мита мети рамни двори“, која исто така се јавува во аудиоколекцијата, и која во запишаниот нотен текст има внатрешно проширување од еден такт, (7. такт – *дл̄го ме̄те*), кое го нема во поетскиот текст и снимената верзија.

Како што беше кажано и во предговорот кон првата книга, интервениравме само онаму каде очигледно нешто беше испуштено, како на пример, во песната бр. 68 „А бре попе“, каде во вториот такт недостасува предзнак пред тонот F, или во бр. 56 „Мариче на стол седеше“, каде имаше испуштени знаци за репетиции.

Во бр. 75 „Ој детенце“, одлучивме вториот глас кој Фирфов го додал и кој полифоно се спротивставува на основниот глас на песната, да го издвоиме на посебно петолиние.

Во песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ не беше јасен почетокот на четвртиот такт кој ние го усогласивме според почетокот од 11. такт. Во снимката од оваа песна на тоа место се јавува извик.

Во песната бр. 53 „Ќе дом Тинке вечер да те крадам“ во текстот исчукан на машина Фирфов внел корекции на две места: наместо *ми си*, името *Мице*. По внимателно преслушување на снимката од аудиоколекцијата Фирфов исполнета од Тина Ташева (бр. 979), одлучивме секаде да го замениме *ми си* со *Мице* (онака како што назначил самиот Фирфов), бидејќи очигледно е дека кај крајното *е* настапува редукција во *и*, карактеристична за егејските говори. Во снимката се јавува и бурдон кој Фирфов не го испишал. Фирфов исто така ја запишал од третиот стих натаму, така што го реконструиравме и почетокот на песната.

Скопје, 19 септември 2023 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

Предговор кон третата книга

Изработката на третата книга со мелограми од Живко Фирфов ги потврди заклучоците кои ги изнесовме во предговорите на претходните две книги. Во оваа смисла, и натаму се потврдува сознанието дека создавањето на оваа колекција било со практична намена, посебно за изведбите со чалгискиот ансамбл или со пејачки групи.

Песните од оваа колекција ги добивме организирани во три папки од самиот Фирфов. Така, со оваа книга завршуваат песните од првата папка и започнуваат од втората. Во претходните предговори веќе укажавме на отстапувањата помеѓу оригиналната нумерација на Фирфов и нашето издание на колекцијата. Овие разлики во нумерациите ќе бидат уште поистакнати натаму, како ќе се движиме низ колекцијата, бидејќи, на пример, во првата папка по песната „Бесилка се готви“ (кај нас бр. 102, изворно број 100) се појавуваат мелограми во кои нема конзистентна нумерација.

На почетокот на втората папка најпрво се вклучени списоци напишани од Фирфов со наслови на песни организирани според азбучен ред (дел од овие песни се вклучени во оваа збирка, но не можеме да откриеме за што бил наменет овој список). По нив следи издание за глас и пијано на композицијата *Biliana* (Based on a Theme Of A Macedonian Folk Song), Words and Music by Evan Georgeoff and Jivko Firfov, Concert Music Publishing Co., 1650 Broadway, New York 18, N. Y), како и листови со насловите и стиховите на песните „Вино пијам ем ракија“, „Јас те пратив на лозје Калино“, „Сношти минав покрај вази“, „Саноќ седам Трено“, „Ставај Донке“ и „Димна јуда“ испишани на машина.

Нашите сознанија поврзани и со аудиоколекцијата Фирфов, која исто така ја дигитализиравме во архивот ИРАМ/БузАр, говорат дека Фирфов и во снимањето и во мелографирањето ставал акцент на помалку познати песни, односно песни кои со време ќе се изгубат од репертоарот на народните пејачи. Се разбира, тоа не исклучува дека дел од нив останале популарни до денес, како на пример: бр. 114 „Пиле Трено“, бр. 115 „Черешна се од корен корнеше“, бр. 121 „Се посврши сербез Донка“, бр. 128 „Кажи Епсо“, бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“ (овде е мелографирана во 7/8, наместо 3/4 како што најчесто се изведува), бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 144 „Со маки сум се родила“, запишани во овој дел од мелограмската колекција.

Поголеми разлики во однос на содржината од претходните две книги, е појавата на песни од Македонија од други собирачи и мелографи, дел од нив издадени во други земји. Така, од бр. 106 до бр. 115 се јавуваат мелограми од Добри Христов (1875–1941, објавени како *66 народни песни на Македонските Българи*, Софија 1931; воедно хармонизирани за глас и пијано) и Лудвиг Куба (1863–1956, *Slovanstvo ve svých zpěvech, Písně makedonské*, Прага 1928). Затоа во забелешките кај овие песни ги вклучивме и списоците со броеви на песните нумерирани според изданијата на Христов и Куба. Исто така, видно е дека овие мелограми се напишани со поинаков ракопис од ракописот на Фирфов. Фирфов планирал да ја вклучи и песната „Сошила ми мајка елече“ (бр. 11 во изданието на Куба), бидејќи на задната страна на мелограмот бр. 107 ги запишал со фломастер стиховите на оваа песна. Во списоците на почетокот од втората папка Фирфов ги навел и песните „Темна магла низ полето“ (бр. 10 кај Христов) и „Димчета низам писале“ (бр. 12 кај Куба).

За песната бр. 119 „В царски палат“ Фирфов навел дека е изведена од информатор кој престојувал/бил од Софија, а е запишана од Иван Качулев во август 1958 година, но ракописот на мелограмот е на Фирфов. Песната бр. 121 „Се посврши сербез Донка“ е преземена од картотеката и нототеката на Радио Скопје, и во картичката за неа е наведено дека е запишана од М. Автовски во 1980 година. Таа е дел од од песните за кои Фирфов во аглите на мелограмите запишувал дека станува збор за одреден број на касета или лента, како и број на страница (на пр., бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“).

Секако, оваа книга ја издвојува и последната песна бр. 150 „Марш на македонските партизани“ (Фирфов навел во мелограмот дека ја работел во Горно Врановци, значаен политички и културен центар во кој во есента 1944 година се наоѓал Президиумот на АСНОМ, Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија и Главниот штаб на НОБ), и која, како и други партизански песни од овој период, се заснова на мелодија на советски авторски песни (во овој случај „Марш авиаторов“ од 1923 година). Таа е дел и од другите песни во оваа книга со тематика од НОБ, како на пр. бр. 116 „Стани, стани другар“ и бр. 143 „Буките развиваат браќа“.

И во оваа трета книга се јавуваат слични песни, на пр. бр. 103 „Садило моме“ и бр. 107 „Садило моме крај море лозје“ (изворно во изданието на Куба), кои се во различен тоналитет. Песната „Извор вода“ исто така се јавува во две варијанти, бр. 101 и бр. 127. Најголеми сличности се јавуваат кај песните бр. 117 „Блазе на Вичо Планина“ и бр. 118 „Блазе на Грамос Планина“, како и помеѓу песните бр. 63 „Ој Стојане сине“ (од втората збирка) и бр. 132 „Ој Стојане“. Песната бр. 131 „Ај детенце“ е варијанта на бр. 75 „Ој детенце“ од втората збирка, каде што се јавува во двогласна форма.

И во оваа збирка се појавуваат мелограми кои не се читливо запишани во нотниот текст. Таква е на пр., песната бр. 122 „Ај море седнала си Јана“ кај која постои двоумење за забележувањето во последните три такта. Во истата песна заради дијалектот и архаичниот изговор неразбирливи се зборовите од последната строфа. Неразбирливи зборови се јавуваат на повеќе места, на пр., бр. 124 „Кога мома умираше“. Во бр. 127 „Извор вода“ нејасно е името на информаторката Роска или Ратка. Во бр. 129 „Изникнало рајското цвеќе“ во насловот Фирфов го навел зборот *рајсконо*, кое го променивме во *рајскоѿо*, соодветно на текстот. Како и во претходните збирки, кај нејасните зборови поставувавме прашалник, на пр., бр. 136 „Не мети Милке дворови“ и бр. 141 „Огин го гори“.

Во збирката се јавуваат и песни во кои по завршувањето на пејачкиот нотен текст, Фирфов започнал да запишува друг нотен текст кој наликува на припев, хармонизација или дел кој треба да биде отсвирен инструментално. Посебно интересен пример е хармонизацијата преку басовата линија во песната бр. 135 „Митре Влаот“. Во мелограмите на песните бр. 124 „Кога мома умираше“ и бр. 127 „Извор вода“ се направени дополнителни интервенции во однос на прима и секунда волта, додавани се долни терци во мелодиската линија, а на крајот се јавува и нотен текст без стихови. Во песната бр. 127 се јавуваат грешки и во однос на метриката: Фирфов на почетокот забележал 7/8 такт, а песната е во 7/16 такт. Во песната бр. 147 „Таму долу крај Солуна“ 4/4 се заменети со 2/2 за да се добие конзистентност во метриката. Наша интервенција беше направена и во 7. такт на песната бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, каде беше испуштена осмината која треба да кореспондира со слого-

вите на зборот *неговаша*. Во мелограмот на песната бр. 149 „Даскале, море, даскале“ забележавме грешка со внесување на предзнакот за тонот **as**, која ја коригиравме, бидејќи е јасно дека песната е во **B-dur**, посебно поради финалниот тон.

Еден од оние примери кај кои се појавуваат поголеми недоследности во оликувањето на мелограмот е песната бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“ каде се јавуваат нелогични повторувања на фразите, скокови во потпишаните стихови и појава на цртички меѓу стиховите за кои не е јасно дали нешто треба да се повтори. Во овој случај, решивме оваа песна да ја оставиме како што ја затекнавме во мелограмот, без да правиме интервенции.

Проблематичен е и мелограмот на песната бр. 146 „Ајде пукна пушка“. Фирфов овде воопшто не ги запишал стиховите, можеби поради тоа што навел дека е снимена. Варијанта на оваа песна се јавува во изданието на Бранко Каракаш (*Антологија на македонски народни песни*, Скопје 1995), но кај Фирфов е мелографирана за терца пониско. Во мелограмот се јавува и припев.

Интересна е да се спомене и песната бр. 126 „Ајде море млад беќар“ во која Фирфов назначил дека се пее како дијалог од женски и машки глас.

Воопшто, песните собирани од Фирфов имаат многу елаборирани текстови. Таков е примерот со песната бр. 133 „Каравиљо, кара ли те нана“, снимена во Кратово во 1954 година, и заведена со запис на Фирфов (претпоставуваме во 1973 година) во картотеката на Радио Скопје.

Скопје, 1 февруари 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

101
Извор вода



Извор вода извираше, оф, море, оф,
мало моме налеваше, оф, море, оф.

Над вода се огледуе, оф, море, оф,
па с'вода си разговара, оф, море, оф.

Ај ти водо бистра водо, оф, море, оф,
как сум бела и црвена, оф, море, оф.

Уште да су црноока, оф, море, оф,
црно ока повисока, оф, море, оф.

Останати податоци на мелограмот: пее Анастасија Чушкова од Велес, Запис Ж.Ф. 1931 год., октомври 1974


Х-74-бр 32
Извор вода
Моме на — ле — ва ше, оф море оф.


Х-74-31
Бесилка се гоштви
-борбена-

102
Бесилка се готви



Бесилка се готви,
горе во планина,
за да го бесат,
тој ми Гоце Делчев.

Тоа ли го дочу,
војводата Гоце,
и се преоблече,
како ќумурџиче.

Одозгора слева,
едно сербес Турче,
и го распрашува,
младо ќумурџиче.

„А бре Македонче,
кара ќумурџиче,
да ли си го видел,
тој ми Гоце Делчев?“

– А бре сербес Турче,
црни карамане,
и да сум го сретнал,
не би ти го кажал.

Ја сум Македонче,
Македонче ќ’умрам,
не си го продавам,
тој ми славен јунак.

Останати податоци на мелограмот: Борбена, Свири на мандолина и пее Трајче Црвенпанов (1898) од Велес во 1925 год., октомври 1974

103
Садило моме



Садило моме крај море лозје,
крај море лозје, крај брегот дуњи.

Како го садило, и го копало,
и на лозјето тиом му вели.

Ој лозје, лозје, сос бело грозје,
како те садам и ми те копам.


Садило моме
103
са-ди - - - ло мо-ме - - - - - - Крај мо- - ре - - -
Ка-ко го са - ди-ло - - - - - - и го - - - ко - - -
Ој лоз - - - ја лоз-ја - - - - - - сос бе - - ло
лоз - - ја Крај мо - - - ре - - - лоз-ја - - - - -
па - - - ло, и на лоз - - - ја - то - - - - - -
грозј-ја ка-ко ќе са-дам
Крај бе - - - - ќе дуни
ќе ом - - - му - - бе-ли
и ми - - ќе ко ќам

104
Перолико девојко



Перолико девојко, Перолико девојко,
нем стој, Перо, на брегот,
нем стој, Перо, на брегот,
брег се роне, ќе паднеш,
брег се роне, ќе паднеш.

Останати податоци на мелограмот: Струмица


Ле ли — ле Ко на ли
Ферлинко девојко 104
Фе-ро-ли-ко. де-вој-ко. фе-ро-ли-ко де-вој-ко
Нем сиој фе-ро, на бреїоїі, нем сиої, фе-ро на бре-їоїі
Бреї се ро-не, ко пи-дне. Бреї се ро-не ке падне.

105
Де мори Милице



Де мори Милице, Милице, дој,
црното око гугаче, дој,
црното око гугаче, Милице,
белото грло гугутче.

Останати податоци на мелограмот: Т. Велес


105
Ќе мори Милице
Ѓ. Колев
Ќе мори ќе Ми-ми-це, Ми-ми-це, деј
цр-но-то о-ко ѓу-га-ѓе,
деј
цр-но-то
о-ко ѓу-га-ѓе, Ми-ми-це;
бе-ло-то ѓр-ло ѓу-ѓуѓ-ѓе
РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

106
Алија море, делија



Алија море, делија,
ни татка имаш, ни мајка,
сал една пуста тамбура,
сал една пуста тамбура.



Останати податоци на мелограмот: 52. Д.Х., Данка

ДОБРИ ХРИСТОВ

8. Излегов да се рашетам — Анче
10. Темна магла низ полето —
31. Пијан идех од града — Добри
35. ~~Се зајаде тенке трави~~
40. Кој ти купи коланчето — Казо
52. Алија, море делија — Данче
64. Садило моме крај море лозје — Данче

52.
Д.Х.

АЛИЈА МОРЕ, ДЕЛИЈА

106

Animé

А – ли – ја мо – ре, де – ли – ја,
ни тат – ка и – маш, ни мај – ка,
сал ед – на пус – та там – бу – ра,
сал ед – на пус – та там – бу – ра.

107
Садило моме крај море лозје



Садило моме крај море лозје,
крај море лозје, крај брегот дуњи.

Како го садило, и го копало,
и на лозјето по тиом му вели.

Ој лозје, лозје сос бело грозје,
како те садам и ми те копам.

Останати податоци на мелограмот: 64. Д.Х., Данка


64.
Д.Х.
107
САДИЛО МОМЕ КРАЈ МОРЕ ЛОЗЈЕ
Tranquille, quasi berceuse
2 Как го — — — са — ди — ла —
1, Са — ди — — — ло мо — ме —
2, и го — — ко ца — ло,
1, крај мо — — — ре лоз — је,
3, Сос бе — — по
2 и по лоз је то
1 крај мо — — — ре лоз — је,
3 ка — ко те са — дам
2, що ти — ом — ве — ли
1, крај бре — — — гот — ду — ни.
3 и ме те — ко — цам

108

Ми киниса Кате



Ми кониса Кате од сарајот,
од сарајот, Кате, на бунарот,
да нап'лнит Кате ладна вода.

П'лнеќи Кате ладна вода,
си загина Кате герданчето
од нејзино, леле, рудо грло.

„Бог ти душа, лудо, да те питам,
да те питам, лудо, да ми кажеш;
Бог ти душа, лудо, да не лажеш;
Бог ти душа, лудо, и Господа,
дал не најде, лудо, герданчето
од моево, лудо, рудо грло?“

„Бог ми душа, Кате, не го најдов!
Ак сум нашол, Кате, герданчето,
да се вијам, Кате, како него
на твоето, Кате, рудо грло.“

Останати податоци на мелограмот: 14. Л.К., Данка



ЛУДВИК КУБА

9. Девојче тенко, високо
11. Сошила ми мајка елече
12. Димчета низам писале
14. Ми кониса Кате
24. Черешна се од корен корнеше
30. Ајде, брала мома

14.
Л.К.

108

МИ КИНИСА КАТЕ

Vivo assai

mf Ми ки- ни- са Ка- те од са- ра- јот,

mf од са- ра- јот, Ка- те, на бу- на- рот,

да на- п'л- нит Ка- те лад- на во- да.

p П'л- не- е- ќи Ка- те лад- на во- да,

mf си за- ги- на Ка- те гер- дан- че- то

2.

од нај- зи- но, ле- ле, ру- до гр- ло.

pp "Бог ти ду- ша, лу- до, да те пи- там,

p да те пи- там, лу́- до, да ми ка- жеш;

бог ти ду- ша, лу- до, да не ла- жеш;

mf бог ти ду- ша, лу- до, и гос- по- да,


3.
дал не нај- де, лу- до, гер- дан - че- то
од мо- е- во, лу- до, ру- до гр- ло ?"
sf
cresc.
"Бог ми ду- ша, Ка- те, не го нај- дов !
Ак сум на- шол, Ка- те, гер- дан- че- то,
sf
f
ff
fff
да се ви- јам, Ка- те, ка- ко не- го


4.
mf
rit.
p
на тво- е- то, Ка- те, ру- до гр- ло!"

109

Ајде, брала мома



Ајде, брала мома бело ми грозје ем црно,
брала мома бело ми гројзе ем црно,
ајде, нап'лнила девет ми бочви сос вино,
нап'лнила девет ми бочви сос вино.

Ајде, нап'лнила девет ми бочви сос вино,
нап'лнила девет ми бочви сос вино,
ајде, и десетта таја ми бела ракија,
и десетта таја ми бела ракија.

Ајде, научил се дрено ми полски делија,
научил се дрено ми полски делија,
ајде, секо утро: Добро ле утро девојче!
секо утро: Добро ле утро девојче.

Ајде, секо утро: Добро ле утро девојче,
секо утро: Добро ле утро девојче,
ајде сека вечер: Добра ле вечер ѓаволче,
сека вечер: Добра ле вечер ѓаволче.

Ајде, тури вино, вино не мерено, девојче,
тури вино, вино не мерено, девојче,
ајде земај пари, пари небројани, ѓаволче,
земај пари, пари небројани, ѓаволче.

Останати податоци на мелограмот: 30. Л.К., Добри Ставревски

30.
Л.К.

II сл. 109

АЈДЕ, БРАЈА МОМА

Allegro vivace

p Ај- де, бра- ла мо - ма бе- ло ми грој- зе

f ем цр - но,

mf бра - ла мо - ма бе- ло ми грој - зе

ем цр - но.

p Ај- де, на- п'л - ни - ла дд - вет ми боч - ви

f сос ви - но,

mf на - п'л - ни - ла де - вет ми боч - ви

сос ви - но.

Ајде, |: брала мома бело ми грујзе ем црно, :|
ајде, |: нап'лнила девет ми бочви сос вино; :|

ајде, |: нап'нила девет ми бочви сос вино, :|
ајде, |: и десетта таја ми бела ракија. :|

Ајде, |: научил се дрено ми полски делија, :|
ајде, |: секо утро: Добро ле утро, довејче ! :|

Ајде, |: секо утро: Добро ле утро, девојче, :|
ајде, |: сека вечер: Добра ле вечер, ѓаволче ! :|

Ајде, |: тури вино, вино не мерено, девојче, :|
ајде, |: земај пари, пари небројани, ѓаволче ! :|

110

Кој ти го купи коланчето



Кој ти купи коланчето, мори
кој ти купи коланчето,
хај, хај, хај, коланчето,
дај гиди де, коланчето.
Море ми го купи даскалчето, леле,
море ми го купи даскалчето,
де бре де, даскалчето,
де бре де, даскалчето.
Море јас да носам, тој да ме гледа, леле,
море јас да носам, тој да ме гледа,
де бре де, јас да го носам,
дај гиди де, тој да ме гледа.

Море, кој ти купи герданчето, итн.

Море кој ти купи ф'станчето, итн.

Останати податоци на мелограмот: 40. Д.Х., Лазо

40.
Д.Х.
110

КОЈ ТИ КУПИ КОЛАНЧЕТО

– Кој ти ку – пи ко – лан – че – то, мо – ри,
Кој ти ку – пи ко – лан – че – то,
хај, хај, хај, ко – лан – че – то,
дај ги – ди де, ко – лан – че – то!?

ДВА ТАКТА ПАУЗА

– Мо–ре, ми го ку – пи дас – кал – че – то, ле – ле,
мо–ре, јас да но – сам, тој да ме гле – да, ле – ле,
мо– ре, ми го ку – пи дас – кал – че – то,
мо– ре, јас да но – сам, тој да ме гле – да.

Де бре де, дас – кал – че – то,
де бре де, јас да го но – сам,
де бре де, дас – кал – че – то,
дај ги – ди де, тој да ме гле – да.

– Кој ти купи коланчето, мори,
кој ти купи коланчето,
хај, хај, хај, коланчето,
дејгиди де, коланчето ?
– Море, ми го купи даскалчето, леле,
море, ми го купи даскалчето,
де бре де, даскалчето,
де бре де, даскалчето;
море, јас да носам, тој да ме гледа, леле,
море, јас да носам, тој да ме гледа,
де бре де, јас да го носам,
дејгиди де, тој да ме гледа.

Море, кој ти купи герданчето итн.

Море, кој ти купи ф'станчето итн.

111
Излегов да се рашетам



(А)

Излегов да се рашетам, леле,
из лојзе и бело гројзе, леле,
из лојзе, из бело гројзе.

(Б)

Излегов да се рашетам,
из лојзе, и бело гројзе.

Там најдов моме граѓанче,
на мрамор камен седеше,

тенки си прсти кршеше,
дробни си солзи ронеше,

мајка си љуто к'лнеше:
– Оф, леле, мајко, добога,

изгоре луда за вода,
пушчи ме да му однесам,

пушчи ме да му однесам,
да се напиет водица.

Останати податоци на мелограмот: 8. Д.Х., Анка



Излегов да се рашетам
из лојзе, из бело грујзе.

Там најдов моме граѓанче,
на мрамор камен седеше,

тенки си прсти кршеше,
дробни си солзи роненше,

мајка си љуто к'лнеше:
- Оф, леле, мајко, добога,

изгоре лудо за вода,
пушчи ме да му однесам,

пушчи ме да му однесам,
да се напиет водица.

112

Девојче тенко високо



Девојче тенко високо, аман, аман,
девојче тенко високо,
не одај ситно пред мене,
не одај ситно пред мене.

Не дигај могли прахови, аман, аман,
не дигај могли прахови,
не скоревај ми јадови,
доста се мојве дертови.

Ток одај стамбол-чаршија, аман, аман,
ток одај стамбол-чаршија,
купи си чифте волови,
купи си чифте волови.

Изорај рамни дворови, аман, аман,
изорај рамно дворови,
посеј си секакво семе
и види што ќе изникнит.

Ако изникнит босилек, аман, аман,
ако изникнит босилек,
босо ќе трчаш по мене,
босо ќе трчаш по мене.



Останати податоци на мелограмот: 9. Л.К., Цветан



Девојче тенко високо, аман, аман,
девојче тенко високо,
|: не одај ситно пред мене. :|

Не дигај могли прахови, аман, аман,
не дигај могли прахови,
не скоревај ми јадови,
доста се мојве дертови.

Ток одај стамбол-чаршија, аман, аман,
ток одај стамбол-чаршија,
|: купи си чифте волови; :|

изорај рамнѝ дворови, аман, аман,
изорај рамно дворови,
посеј си секакво семе
и види што ќе изникнит.

Ако изникнит босилек, аман, аман,
ако изникнит босилек,
|: босо ќе трчаш по мене... :|

113
Пијан идев од града



Пијан иде/в од града, Велико мори,
пијан иде/в од града, ај ѓузелим,
срети/в моме в ливада, Велико мори,
срети/в моме в ливада.

Росна трева кај брало, Велико мори,
росна трева кај брало, ај ѓузелим,
кај што брало, заспало, Велико мори,
кај шо брало, заспало.

Приjдов да го целивам, Велико мори,
приjдов да го целивам, ај ѓузелим,
прсна моме да бега, Велико мори,
прсна моме да бега.

– Бегај моме, не бегај, Велико мори,
бегај моме, не бегај, ај ѓузелим,
ти си моја пак моја, Велико мори,
ти си моја, пак моја.

Останати податоци на мелограмот: 31. Д.Х., Добри Ставревски



Пијан идеќ од града, Велико мори,
пијан идеќ од града, ај ѓузелим,
сретиќ моме в ливада, Велико мори,
сретиќ моме в ливада.

Росна трева кај брало, Велико мори,
росна трева кај брало, ај ѓузелим,
кај шо брало, заспало, Велико мори,
кај шо брало, заспало.

Приjдов да го целивам, Велико мори,
приjдов да го целивам, ај ѓузелим,
прсна моме да бега , Велико мори,
прсна моме да бега.

- Бегаj моме, не бегаj, Велико мори,
бегаj моме, не бегаj, ај ѓузелим,
ти си моjа пак моjа, Велико мори,
ти си моjа пак моjа.

114

Пиле Трено



Се запали, пиле Трено, одајчето,
одајчето, пиле Трено, варосано;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
варосано, баданосано.

Не ми е жал, пиле Трено, за одајчето,
тук ми е жал, пиле Трено, за чекмеџето;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
за чекмеџето, шареното.

Таму беа, пиле Трено, тапиите,
тапиите, пиле Трено, од нивите;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
од нивите, зелените.

Таму беа, пиле Трено, тефтерите,
тефтерите, пиле Трено, со момите;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
со момите, убаите.



Останати податоци на мелограмот: 35. Д.Х., Сарев



Се запали, пиле Трено, одајчето,
одајчето, пиле Трено, варосано;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
варосано, баданосано.

Не ми е жал, пиле Трено, за одајчето,
тук ми е жал, пиле Трено, за чекмеџето;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
за чекмеџето, шареното.

Таму беа, пиле Трено, тапиите,
тапиите, пиле Трено, од нивите;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
од нивите, зелените.

Таму беа, пиле Трено, тефтерите,
тефтерите, пиле Трено, со момите;
гу-гу, гу-гу-гу-гу, дамбара думбара,
со момите, убаите.

115

Черешна се од корен корнеше



Черешна се од корен корнеше,
черешна се...
девојка се од куќа делеше,
девојка се...
од корен се корнеше,
од татко не се делеше,
од татко не...

Од врше се клањаше,
од мајка не се делеше,
од мајка не...

Ветки парови падае,
од браќа не се делеше,
од браќа не...

Широки лисје падае,
од сестри не се делеше,
од сестри не...



Останати податоци на мелограмот: 24. Л.К., Анка

24.
Л.К.

1.

ЧЕРЕШНА СЕ ОД КОРЕН КОРНЕШЕ

115

АНКА

Allegro p sempre eguale

Че – реш – на се

од ко – рен кор – не – е – ше,

rit.

че– реш – на се...

p

де – вој – ка се

од ку – ка де – ле – е – ше,

2.

де – вој – ка се...

p

од ко – рен се кор –

не – ше, од тат – ко

не се де – ле – е – е – ше,

од тат – ко не...



Черешна се од корен корнеше,
черешна се...
девојка се од куќа деленше,
девојка се...
од корен се корнеше,
од татко не се деленше,
од татко не...

Од врше се клањаше,
од мајка не се деленше,
од мајка не...

Ветки парови падае,
од браќа не се деленше,
од браќа не...

Широки лисје падае,
од сестри не се деленше,
од сестри не...



116

Стани, стани другар



Стани, стани другар Алексовски,
стани, стани, стани, Васил Алексовски,
стани да ги видиш твоите другари.

Да ги видиш по планини шетат,
Васил да намерат, а Васил го нема,
Васил го убија проклети фашисти.

Останати податоци на мелограмот: Партизанска, Женска група од Костурско, Народни инструменти, март 1974


6 мари 74
Стани, стани, другар.
партизанско
Костурско
Стани, стани, другар А-лек-сов-ски
Стани, стани
Васил
Васил
стани, стани
да ги ви-диш
да на ме-рам
го у-бија,
Васил А-лек-совски
проклетите фашисти.
Н. Инеов


Блаже на Вито планина.
Бла-же на Ви-то пла-ни-на, бла на бла-
зе-на го-ра зе-ле-на бла зе-ле-на

117
Блазе на Вичо Планина



Блазе на Вичо планина,
блазе на Вичо планина,
блазе на гора зелена,
блазе на гора зелена.

118
Блазе на Грамос Планина

♩ = 120

Ај, бла - зе на___ Гра - мос пла - ни - на, ај,

1. Бла - зе на го - ра зе - ле - на_____ ај,
ни - ко - гаш пра-зна

2. не сто - је_____

Блазе на гора зелена

Ај блазе на Грамос планина,
ај блазе на гора зелена,
никогаш празна не стоје.

Ај зимо и лето све пална,
во лето е пална овчари,
а зима е пална комити.

Ај блазе на Грамос планина,
на секое ридче бајраче,
до секоја бука и јунак.

Останати податоци на мелограмот: Борбена, пее женска група, Костурско, февруари 1974





Блазе На Гора Зелена

борбена

Косшурско

1 Ај, блазе на Грамос планина
Ај, блазе на гора зелена
Ај, никогаш празна не не стоје

2 Ај, зимо и лето све пална
во лето е пална овчари,
во зиме е пална комити.

3 Ај, блазе на Грамос планина,
на секое рифче бајраче,
до секоја бука и јунак.

119

В царски палат



В царски палат, в царска ложа,
цар Асен лежи,
а до него млад велмажа,
крвав нож држи.

Останати податоци на мелограмот: Информаторот ја знае песната од почетокот на овој век. Пеел Иван К. Шанарев – Софија. Запис од Иван Качулев – во август 1958 г.


189
Инструментороти за зае песенките од почетокот на овој век.
Пее Иван К. Шакарев - гефтеја
Запис од Иван Кагулев - во Август 1958 г.
Вузарски плат
м.м. ♩♩♩♩ = 42
Вузарски плат, вузарска ле-ша цар А-сен ле-ши - - - - - - - -
1. то
2-ро
а до не-го лежа велмоша кр-вав нож др- - - ши.
119

120
Заплакале стари мајки

За-пла-ка - ле стa-ри мај-ки, мај-ки Ма - ке - дон - ки,

прс-ти кр-шат, с'л-зи ро - нат, ме-ѓу се - бе збо - рат

Прийев

1. 2.

Заплакале стари мајки,
мајки Македонки,
прсти кршат, с'лзи ронат,
меѓу себе зборат.


9
Заплакале стари мајки
119
За пла ка - ле стари мај - ки, мајки ма -
ке - дон - ски прет кр - шан
сл - зи ронци мој се - ка зоо - ран.
Пресев
итно

121
Се посврши сербез Донка



Се посврши сербез Донка,
се посврши сербез Донка,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
сербез Донка на Еличкови,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
сербез Донка на Еличкови.

Не викајте аирлија,
не викајте аирлија,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
пробудете ја мајка ми,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
пробудете ја мајка ми.

Јас го сакам китка Миле,
јас го сакам китка Миле,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
китка Миле на Илчови,
тра ла ла ла ла ла ла ла ла,
Китка Миле на Илчови.



Останати податоци на мелограмот: Охридски старградски средби (запис од лента), Запис 1980 М. Автовски, Кавадарци

РАДИО СКОПЈЕ

124 8

Редни бр. .....

Регис. бр. .....

Трае мин. | Обработил:

Исполнител: Адреса ул. бр.

